Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 11.10.2023

Денеска (11.10.2023) од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршен е претрес во с. Струмници кај Т.Ф.(32). При претресот пронајдени и одземени се бела грутеста материја, бела прашкаста материја, кафеава прашкаста материја, кафеава грутеста материја, дигитална вага, две рамки од автоматска пушка, една пушка, 399 куршуми, еден пиштол со рамка, една ловна пушка, 13 ловни патрони, еден панцирен елек, мобилни телефони, 26160 евра и 698580 денари. Се преземаат дополнителни мерки за целосно расчистување на случајот.

На 11.10.2023 во 01.45 часот во Тетово, полициски службеници го лишиле од слобода А.Х.(31) од тетовско затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2023 во 01.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода В.С.(46) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.10.2023 во 00.05 часот во Тетово, полициски службеници ги лишиле од слобода М.Е.(18) и давајќи малолетник, сите од Тетово, затоа што кај М.Е. била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 21.40 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Аеродром, полициски службеници лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 20.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Д.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 17.45 часот во Битола, полициски службеници ги лишиле од слобода К.Ј.(36) и К.К.(41), давајќи од Битола, затоа што кај К.Ј. била пронајдена и одземена бела грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 15.40 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Б.П.(42) од Велес затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана, бела грутеста материја и таблети. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 16.00 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода Б.П.(34) од Кратово затоа што при пасошка контрола и гранични проверки било констатирано дека евидира на стоп листа по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка при МВР за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка телесна повреда" по член 131 од Кривичниот законик. Исто така, при прегледот кај него биле пронајдени и одземени фалсификувана хрватска лична карта на друго го негова слика, рана дробилка и прашкаста материја. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (10.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 184 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 21 санкција, 11 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, седум мерки за користење на мобилен телефон при возење...

На 11.10.2023 04.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Козјак" и ул.„Војвода Васил Чакаларов", М.Л.(18) од Скопје, управувајќи моторен „тајцо" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. По несреќата, возачот М.Л. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Скопје.

На 10.10.2023 околу 20.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од регионален пат Скопје-Велес, регионален пат 1106 и ул.„5" во с.Јурумлерци се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „штреи" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(35) од Кочани и мопед „априлиа" со скопски регистарски ознаки, управуван од А.Н.(21) од Скопје. По несреќата возачот А.Н. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Скопје.

На 10.10.2023 околу 19.35 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„Горче Петров" во Куманово, мопед „априлиа" удрил во пешачот Т.С.(44) од Куманово, по кој то напуштил местото. По несреќата, Т.С. бил пренесен во Општа болница Куманово, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 10.10.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, З.М.(88) од Скопје пријавил дека на ул.„Димо Хаџи Диков" бил каснат од куче скитник.

На 10.10.2023 во 12.10 часот во Полициската станица Аеродром, Н.К.(29) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 10.10.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.Н.(79) од Скопје пријавила дека на бул.„Партизански одреди" била касната од куче скитник.

Денеска (11.10.2023) од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, извршен е претрес во с. Струмници кај Т.Ф.(32). При претресот пронајдени и одземени се бела грутеста материја, бела прашкаста материја, кафеава прашкаста материја, кафеава грутеста материја, дигитална вага, две рамки од автоматска пушка, една пушка, 399 куршуми, еден пиштол со рамка, една ловна пушка, 13 ловни патрони, еден панцирен елек, мобилни телефони, 26160 евра и 698580 денари. Се преземаат дополнителни мерки за целосно расчистување на случајот. Исто така, денеска, полициски службеници од ЕНТ при СВР Скопје во соработка со полициски службеници од ЕИП, по претходно добиени оперативни сознанија и издадена наредба од Основен кривичен суд- Скопје извршија претрес во дом на Б. Н. (45) од с.Горно Коњари. При претресот пронајдени се еден лов карабин, една ловна пушка, еден пиштол со рамка, 87 куршуми и четири ловни патрони. Б.Н. е лишен од слобода и против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (11.10.2023) во 09.50 часот во с.Арачиново, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Н.(45) од с.Арачиново. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување на затворска казна. Лицето било предадено во Полициската станица Гази Баба за понатамошна постапка, по што ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 10.10.2023 во 16.35 часот, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода Е.Г.(35) и С.И.(41), давајќи од село Брчани, радовишко, рапорт сомнение дека сториле кривични дела „пустошење на шума" по член 226 и „фалсификување на знаци за обележување на стоки, мери и тегови" по член 272 од Кривичниот закон. На 10.10.2023, комисија од Завод претпријатие „Национални шуми", подружница „Плачковица" - Радовиш извршиле увид на товарно возило „фиат дукато" со радовишки регистарски ознаки, сопственост на Е.Г., кое било натоварено со огревни дрва означени со жиг, а претходно било одземено од полициски службеници од ОВР Радовиш. При контролата било констатирано дека жигот поставен на овие дрва е фалсификуван. На 10.10.2023, екипа од ОВР Радовиш, во соработка со државен инспектор за шумарство и ловство, вработени во Шумска полиција Радовиш и ЈП „Национални шуми" Радовиш на место викано „Врашпиња", во близина на село Дамјан, радовишко, пронашле 70 метри кубни огревни дрва, означени со фалсификуван жиг. Исто така, државен инспектор за шумарство и ловство констатирал дека дрвата биле бесправно исечени од три катастарски парцели во државна сопственост. При прегледот над Е.Г. биле пронајдени повеќе истратници, кои претходно ми биле издавани од вработени во ЈП „Национални шуми" за транспорт на дрва кои легално биле исечени од приватни шуми. Ваквите истратници, означени со оригинален жиг, Е.Г. ги преправал и ги користел при превоз на бесправно исечените огревните дрва. Пронајдените дрва, од вработени во Шумска полиција се одземени и пренесени во круг на ЈП „Национални шуми" Радовиш. Е.Г. бил задржан во Полициската станица Радовиш, запознаен е Јавен обвинителот од Основното јавно обвинителство Радовиш и по целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (11.10.2023), полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија при СВР Велес ги лишиле од слобода Д.И.(44) од Велес и Б.П.(35) од с.Башино село, велешко. При преттрес во домот на Д.И., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Додека, при претрес во домот на Б.П., извршен, исто така, со судска наредба, биле пронајдени и одземени амфетамин, марихуана и дигитална вага. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајите, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Денеска (11.10.2023) во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода Е.Х.(36) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол калибар 7.62 мм со 13 куршуми, еден сигнален пиштол со седум куршуми и една кутија со 34 куршуми различен калибар. Е.Х. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Денеска (11.10.2023) од страна на полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија со дрога и Единица за интервентна полиција извршен е претрес во дом на М.Д. (30) во скопската населба Драчево. Претходно М.Д. во напуштен објект во Драчево сокрил ранец со марихуана. М.Д. е лишен од слобода и по целосно расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 11.10.2023 во 01.40 часот на улица „Димитар Влахов" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода А.К.(29) од Охрид затоа што кај него и во неговото патничко возило „опел" била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2023 во 21.30 часот, кај малолетник од Битола-ученик во средношколски центар во Охрид, пронајдена е и од полициски службеници од СВР Охрид одземена е марихуана. Тој е повикан во СВР Охрид и во присуство на бранителот за малолетници и претставник од средношколскиот центар извршен е разговор со него.

На 10.10.2023 во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Р.П.(29) од Косово и А.Б.(23) од Скопје. При преглед во патничко моторно возило „фиат брава" со странски регистарски ознаки, кое го управувал Р.П., биле пронајдени и одземени пиштол „застава" со рамка со четири куршуми и пиштол „ерма верке". Инаку, претходно, околу 02.40 часот на регионалниот пат Тетово – с.Јажинце, четвисок, Р.П. изгубил контрола и со возилото излетале од патот, а подоцна при преглед во возилото биле пронајдени оружјето и муницијата. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.10.2023 во 13.35 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје со тешки телесни повреди бил донесен М.Т.(58) од Ново Село. Според пријавеното, тој се здобил со повредите околу 13.10 часот при извршување градежни работи на објект во изградба на територијата на Центар. Полициски службеници извршиле увид и за настанот бил известен трудов инспектор.

На 10.10.2023 во 16.17 часот во СВР Скопје, Н.Л.(21) од с.Љубин, скопско, пријавил дека околу 15.00 часот во с.Сарај, скопско, од зататкано зрно било оштетено патничкото моторно возило „мерседес" со скопски регистарски ознаки, кое претходно го паркирал. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје, а зрното било подигнато за понатамошна постапка.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против З.Б.(58) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и туѓење во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори ". На 06.10.2023 во Струмица, полициски службеници извршиле преглед на лице од Струмица, при што пронашле и одзеле кокаин, кој претходно го набавил од приврзаникот. Подоцна, бил извршен претрес во домот на З.Б., при што биле пронајдени и одземени струмета материја, марихуана, шприц со цврста материја и дигитална вага.

Денеска (11.10.2023) околу 03.00 часот во Полициското одделение Сарај, У.М.(24) од с.Сарај, скопско, пријавил дека бил физички нападнат. Од страна на полициски службеници од Полициското одделение Сарај преземени се мерки и активности за пронаоѓање на сторителот, по што повикано е лицето У.С.(43) од С.Глуводо, скопско, и против него по документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 17.00 часот во тетовско село, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.С.(33) од селото затоа што, по претходна расправија, физички ја нападнал неговата невенчана сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.10.2023 во 16.20 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги лишиле од слобода М.Г.(33) и Д.Д.(39), давајќи од Кавадарци, затоа што претходно во Кавадарци се обиделе физички и со остар предмет да го нападнат А.К.(59) од с.Голема Речица, тетовско. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.С.(63) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 02.10.2023 на регионалниот пат с.Богородица – с.Стојаково, полициски службеници службено возило марка „ман", управувано од приврзаникот, при што во специјално направен бункер биле откриени 11 лица мигранти од Сирија.
На 11.10.2023 во 02.00 часот во Полициската станица Гази Баба, М.С.(31) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот во казино на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од А.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.10.2023 во 06.25 часот во Полициската станица Гевгелија, Д.С.(53) од Гевгелија пријавил дека во фабрика во Гевгелија бил физички нападнат од У.А. од Струмица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.10.2023 во 16.00 часот во Полициската станица Карпош, Т.М.(46) од Скопје пријавил дека околу 08.00 часот во непознат дом на подрачје на Карпош била физички нападната од А.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против П.Р.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 05.10.2023 на автопатот „Пријателство" во правец кон Скопје, полициски службеници даде знак за запирање на патничко возило марка „опел екстра", управувано од приврзаникот, но тој не застанал , по што на регионалниот пат С.Мирјаци – С.Давидово со возилото излетал од патот. По преземени мерки во возилото биле пронајдени шест лица мигранти од Сирија.

На 10.10.2023 во 23.30 часот во Полициската станица Прилеп, Б.В.(85) од Прилеп пријавил дека околу 16.00 часот во место викано „Подкулин", приклепско, бил физички нападнат од три лица, кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.10.2023 во 10.40 часот во Полициската станица Центар, К.В.(37) и А.В.(65) од Скопје пријавиле дека околу 09.45 часот во хотел на подрачје на Центар биле физички нападнати од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.10.2023 во 23.50 часот во СВР Тетово, 32 - годишна скопјанка пријавила дека околу 17.00 часот во парк во Тетово едно лице недолично се однесувало кон неа и ја допирало по телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.10.2023 во 22.35 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.С.(70) од с.Брњарци, скопско, пријавил дека околу 16.30 часот во дворот на неговата куќа во с.Брњарци едно лице со закана со остар предмет му одзело пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.10.2023 во 11.40 часот во ОВР Кичево, Ш.И.(62) од кичевското село Србица пријавил дека на улица „Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник.